Илиевска Ивана медицинска сестра вработена на урoлошкото одделеније во ГОБ 8ми Септември  Скопје

Обука во странство
Токуда-Болница Софија времетраење од 06.07 до 01.08.2014 год

# Литотрипсија
# ESWEL

# Што е литптрипсија?

- Литотрипсија - екстракорпорална ударна таласна литотрипсија или ESWEL претставува модерно и минимално инвазивно лекување со разбивање на создадениот каменот во уринарниот систем со специјален уред наречен литотриптер,без рез односно без влегување на апаратот во телото на пациентот.Време на иведување на методата е од 45мин до 60 мин.ESWEL се прави доколку камчето е помало од 20mm.

# Литотриптер во Токуда Болница Софија Dornier

- Литотриптерот е сретство и начин на терапија кое се користи во современата медицина при срдечните стимулатори,имплантираните дефибрилатори и разбивање на камењата во уринарниот систем.Произведен и донесен во 2009 год во Токуда Болница Софија.



# Делови на литотрипторот

- **Дел од апаратот кој емитува ударни бранови се нарекува глава на апаратот или балон кој допира на кожата на лумбалниот предел додека пациентот лежи на специјална дизајнирана маса.Контролата на разбивање или кршење е направена со користење на ренген или c-рам кој ја пренесува сликата на монитор. Монитор на кој се внесуваат име,презиме и бр.на историја. Заштитно стакло од ренген зраците.**



# Приенм на нов болен на урологшкото одд. во Токутда Болница Софија за литотрипсија

1.Историја на болеста

2.Пациентот си носи сопствени пижами

3.Задолжително поставена бела трака на раката напишана со име,презиме,id,мат.бр. и бр.на историја со првото пријавување на централната регистратура.

4.Ако е алергичен се поставува црвена трака на раката.

5.Ако има потреба од помош на друго лице или користи:количка,патерици или др.ортопедско помагало се поставува жолта трака.

6.Задолжително објаснување на пациентот за алармирање доколку има појава на пожар и како да може да се спаси себеси и ако е во можност да помогне на др.пациенти,хигиената и правило за миење на раце.

**За ова информирање постои формулар на кој се потпишува пациентот,за дете мајката или таткото.**

**7.RTG слика(нативна на уринарен тракт)која може да биде постара и од еден месец како и амбулантски направени крвни анализи.**

**8.Потпишува согласност за извршување на методата,за дете согласноста ја потпишува еден од родителите(мајка,татко) и се доставува извештај од педијатар.**

**9.Поставување на венска канила на раката на обратна страна од каде е локализиран каменот,при фиксирање на канилата на фластерот се запишува дата,месец,година и потпс на сестрата.**

**10.На пациентот му се објаснува за извршување на методата.**

# Бела трака за идентификација на пациентот



# Црвена трака знак за алергија



# Жолта трака



# Почеток на изведување на методата

1.На одд.медицинската сестра подготвува инфузија- sol.NaCl 100ml+Amp.Fentanil 2ml/100mkg за лице над 18 год.

2.За лице под 18 год

Sol.Paracetamol 1000mg +Amp.Tramadol

3.За деца под 10 год општа анестезија има присуство на анестезиолог  и анестезиолошка сестра следење на монитор витални знаци.

4.Така подготвена инфузијата и историјата на болест се предава на докторот и заедно со пациентот се спуштаат на литотрипсија без присуство на сестра.

5.Докторот е тој што го поставува пациентот на маса,го премачкува балонот со гел,ја пушта инфузијата,одредува јачината и бр.на удари и го следи пациентот до крај на извршување на методата.Го запишува во протокол за евиденција.

6.По завршувањето докторот со пациентот се враќа на одд,му кажува дека после два часа може да јаде и пие,првото и второто уринирање да бидат крвави а во  тој период прима sol.NaCl 1000 ml.антибиотик му даваат во 20ч и за против болка пп.

.Најчесто се оди до 3500 удари.После литотрипсијата утредента се прави нативна на уринарен тракт и доколку нема добри резултати се повторува истиот ден.

# ESWL Treatment recommendation for Compact Delta / Sigma



| Number of shock wave (max.) | Energy - level | Coupling pressure | Frequency (shock / min) | Patient position | Therapiehead position | Locating system |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2800-3500 (4000)<br>1500-3000 (3500)<br>1000-2500 (2800) | 1 - 2<br>3 – 4<br>(5 !!!) | 3 – 5<br>3 – 5<br>3 - 5 | 90 – 100<br>70 – 90<br>60 - 80 | supine |  | Ultrasound<br>+<br>X - ray |
| 2200-3300 (3500) | 4 - 6 | 2 - 4 | 60 – 80<br>(max. 90) | supine |  | X – ray<br>+<br>Ultrasound |
| 2200-3300 (3500) | 4 - 6 | 2 - 4 | 60 – 80<br>(max. 90) | supine |  | X - ray |
| 2200-3500 (4000) | 4 - 6 | 1 - 3 | 60 – 80<br>(max. 90) | Supine or prone |  | X – ray<br>+<br>Ultrasou |

**ATTENTION:** ***These Information will reflect the experience from the user only. This is not an official DORNIER dok***

# Терапија за дома

- Докторот ја одредува терапијата а мед. Сестра на денот кога си оди пациентот му издава рецепта на која го пишува лекот кој треба да го зема одреден период и за колку време треба да дојде на контрола. Најчесто е таблетарна терапија а контролите ги прават за 2 седмици и тогаш им се издава отпусно писмо.
- Пациентот за литотрипсија не плаќа ништо,бидејќи болницата има договор со фондот за здравство кој ги покрива трошоците.
- Администраторот на уролошкото одд. го забележува како отпуст во болничкиот компјутерски систем и му кажува на која дата да дојде на контрола.

# Урошкото одд. располага со

- 5 лекари
- 9 сестри
- 21 легло
- 4 вип соби- апартмани со доплаќање
- 1 луксузна соба-со целосен конфор

# Податоци за изминатите години за бр.на литотрипсија во Болница Токуда Софија

- 2010 год - 220
- 2011 год - 241
- 2012 год - 343
- 2013 год - 323

# Мислење

- Во однос на тоа дека станува збор за приватна болница може да кажам дека нашата болница ГОБ 8 ми Септември нама голема разлика во начинот,правилата и редот на професионалното однесување во работата со пациентите.Задоволна сум од приемот од страна на персоналот и сепак  драго ми е што видов како функционираат и работат во Токуда Болница Софија.